Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен комунален инспекторат Скопје**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Transportit dhe Lidhjeve**
**Inspektorati Shtetëror Komunal Shkup**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски-Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен комунален инспекторат-Inspektorati Shtetëror Komunal
Бр.-Nr. 04-135/1
14. 06. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.М" бр.27/14 – 14/20), Правилникот за форма и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (Сл.весник на РСМ бр.11/15-303/20), Известувањето за обезбедени финансиски средства бр.04-48/11 од 28.05.2021 година од Министерството за финансии, Правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат со бр. 04-326/7 од 06.11.2019 год. како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат со бр.04-27/1 од 26.01.2021 год. , Државниот комунален инспекторат објавува :

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2021
## за пополнување на 1 (едно) работно место со унапредување

Државниот комунален инспекторат објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место :

1. Работно место - стручни административни службеници од категорија В , **Виш соработник за административни работи,** ниво В2, шифра УПР 01 01 В02 000, Одделение за стручна и административно-оперативна подршка на инспекторатот - **1 (еден) извршител**.

**Посебни услови** утврдени со Законот за административни службеници и актот за систематизација:
**Стручни квалификации:**
-за нивото В02 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; - Правни науки, Економски науки и јавна управа администрација.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу " бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво :**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

-Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија ( англиски, француски, германски),

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

**Работно искуство :**

за нивото В02 најмалку две години работно искуство во струката,

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: од понеделник до петок;
-Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 08:30 до 16:30 часот

**Плата: 24.427,00 денари.**

Кандидатот кој аплицира на интерниот оглас треба да ги исполнува и следните општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,

-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или надлежност;

На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во Државниот комунален инспекторат кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат со бр. 04-326/7 од 06.11.2019 год. како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во

Државниот комунален инспекторат со бр.04-27/1 од 26.01.2021 год., при што административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
-да поминал најмалку две години на тековното работно место и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираните административни службеници, поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку Архивата на Државниот комунален инспекторат до лицето задолжено за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Државниот комунален инспекторат: contaktdki@dki.gov.mk

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да приложат и :

-потврди за успешно реализирани обуки
-потврда за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Државниот комунален инспекторат.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.**

Со почит,

**в.д.Директор**
**m-r Sali Ajdini**

Доставено до:
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива
- Агенција за администрација


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу “ бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk

ДО: Одделение за човечки ресурси при Државен комунален инспекторат

# ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ

Интерен оглас бр. 01/2021

1. Име и презиме ____________________, вработен/а во Државен комунален инспекторат.
2. Тековно работно место ________________________ во Одделение за ___________________________ .
3. Звање и шифра _____________________број и датум на последното решение на тековното работно место ________________.
4. Степен и вид на образование: __________________________________________
5. Работно искуство: _________________________(година ,месец)
6. Оцена при последно оценување ____________________.
7. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас (заокружете) ДА НЕ
8. Реден број на работно место: ________________________
   назив и шифра: _____________________________________________


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу " бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk

9. Дополнително ги доставувам и следните документи и докази :

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

10. Документот со кои потврдувам дека ги исполнувам општите и посебни услови се наоѓаат во моето персонално досие во Оддление за човечки ресусри во Државен комунален инспекторат.

- Изјавувам дека под морална, материјална и кривична одговорност, податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригинал.
- Кандидатот кој внел лажни податоци се дисквалификува од натамошната постапка.

Име и презиме

________________


Министерство за транспорт и врски на
Република Северна Македонија
Државен комунален инспекторат-Скопје
Ул. Булевар „Кузман Јосифовски Питу “
бр.15 лок. ½, 1000, Скопје
+ 389(0)2 2462 595
www.dki.gov.mk